Напис од **Орхан Усеин**, тим лидер на проектот Интеграција на Ромите 2020, кој се спроведува од Советот за регионална соработка (СРС) со финансиска поддршка од Европската унија и Фондациите Отворено општество.

## Наша должност е да се бориме против дискриминацијата кога и да ја видиме

*Кога маса луѓе вика, викотот на малкумина е надгласан. Не е тајна дека е тешко да се направи промена. Живееме во демократија, во која промените се случуваат единствено со поддршка на мнозинството.*

Дискриминацијата кон малцинствата е пандемија полоша од корона вирусот, зашто успева да владее во светот многу долго време. Како и вирусот, и таа мутира, завзема различни форми, пронаоѓа различни начини да ги запре луѓето.

Дехуманизација, деградација, сегрегација, понижување – тоа се искуства со кои Ромите од Западен Балкан секојдневно се соочуваат. Нивните права се негирани со години наназад, додека препознавањето на проблемот и сериозна акција од страна на властите се во голема мера отсутни.

Јасен пример е кога биваат исфрлени од своите живеалишта под нејасни услови. Ромите се држат толку зафатени со наоѓање различни начини за остварување на основните потреби и толку често се игнорираат нивните граѓански и политички права, што биваат безволни за политичко активирање, а уште помалку за ангажирање адвокати за борба за добивање на нивните права. Недостатокот на образование или пристап до образование ги прави помалку способни да најдат добра работа. Ова не е нивниот избор – ова е резултат на тоа што не им е овозможен друг избор. Како што вели *Масловата Хиерархија на потребите*, единствено кога ги имате задоволено основните потреби за храна и засолниште можете да размислувате за други потреби. Како резултат на постојаната борба да се заработи за основните потреби за живот, Ромите го оставаат заедништвото настрана, што е прв чекор во борбата за подобри права.

Кога Џон Ф. Кенеди кажал, „Неинформираноста на еден гласач во демократија ја нарушува безбедноста на сите“ тоа било со намера да ги охрабри сите да го дигнат својот глас, како основен принцип на демократијата. Меѓутоа, кога маса луѓе вика, гласот на малкумина е надгласан. Не е тајна дека е тешко да се направи промена. Живееме во демократија, во која промените се случуваат единствено со поддршка на мнозинството.

**Време е да почнеме да работиме заедно**

Од овие причини, за Советот за регионална соработка беше важно да ја задржи темата на интеграција на Ромите високо на политичката агенда на лидерите од Западен Балкан. Во 2019 година, во Познан (Полска), во рамки на Берлинскиот процес, Премиерите на Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[*], Црна Гора, Северна Македонија и Србија се обврзаа да обезбедат дека

[*] Оваа ознака не е во спротивност со ставовите за статусот и е во согласност со Резолуцијата на ООН 1244/1999 и Мислењето на МСП за декларацијата за независност на Косово.

економскиот развој во регионот ќе оди рака под рака со социјалното вклучување на најранливите – Ромите. Тие ги поврзаа тековните напори за интеграција на Ромите со процесот на проширување на Европската унија. Ова е прв пат Премиерите на сите шест влади од Западен Балкан да усвојат една ваква декларација. Тоа е многу важно.

Иако интеграцијата на Ромите е сеуште далеку, со Познанската декларација сме еден чекор поблиску. Одбележувајќи ја годишнината од усвојувањето на Познанската декларација, би сакал да се осврнам на она што Премиерите се договорија пред една година.

Во областа **вработување** се обврзаа да се **зголеми стапката на вработеност помеѓу Ромите до најмалку 25 проценти** и да се осигура дека Ромите ќе бидат пропорционално застапени во јавниот сектор.

Во **домувањето** тие се **заложија да се легализира**, секаде каде што тоа е можно, **сите нелегализирани населби** каде што живеат Ромите, или во спротивно да се обезбеди трајно, достоинствено, приуштиво и десегрегирано домување за Ромите кои засега живеат во нелегални населби кои нема да можат да се легализираат од **оправдани причини**.

Исто така, ветија **зголемување на стапките на запишување и завршување на основното образование до 90 проценти и на средното образование до најмалку 50 проценти** помеѓу Ромите.

Беше договорено дека покриеноста со **основна здравствена заштита** кај Ромите ќе биде **најмалку 95 проценти** или еднаква со покриеноста на останатото население.

Понатаму, се согласија дека **сите Роми ќе бидат запишани во граѓанските регистри**.

Конечно, но не и најмалку важно, договорено е **спречување на дискриминацијата кон Ромите** преку јакнење на владините структури и основање на соодветни тела за процесирање на жалби од Ромите на праведен начин.

**Што е досега направено и што значи кризата со корона вирусот за нас?**

Многу работи се направени од минатата година. Со владите во регионот започнавме да ги мапираме населбите каде живеат Ромите за да се осигура сеопфатен преглед на населбите кои можат или не можат да се легализираат. Исто така, подготвивме Насоки за буџетирање одговорно кон Ромите, што треба да помогне во процесот на програмирање на јавните средства и да ги осигура неопходните средства за мерките за интеграција на Ромите. Во моментов работиме и на прилагодување на постоечката регулатива за Ромите да не бидат оставени без никакви основни документи. Конечно, работиме на пилотирање на посебно Истражување за Ромите со кое треба да се мери напредокот кон остварувањето на заложбите од Декларацијата. Неуморно работиме за да им помогнеме на владите да ги остварат целите кои си ги поставија.

Но, корона вирусот се покажа како нешто што воспоставува нови правила на игра за сите. Затоа сега, пред да продолжиме со подобрувања, мораме сериозно да работиме на санирање. Кризата ги

погоди Ромите многу повеќе од останатите луѓе, но исто така ги разгори и прошири негативните наративи кон Ромите во јавноста и особено на интернет. А ситуацијата, според Балкан барометарот 2020 на Советот за регионална соработка, и онака беше тешка.

9% од претпријатијата на Западен Балкан не би вработиле Ром. 33 од 100 лица не би работеле за работодавач Ром. 26% од граѓаните во Западен Балкан не сакаат нивните деца да ја делат училницата со Роми. Повеќе од третина испитаници не би примиле Ром како гостин во нивниот дом.

Со ова мораме да се бориме и да го запреме со заеднички регионални напори преку остварување на целите од Декларацијата една по една. Сите ние ги заслужуваме истите можности. Сите ние сме различни, но исто така треба да бидеме еднакви.